Совет на Општина Делчево
Број 09-1234/2
05.06.2023 година
Делчево

ЗАПИСНИК
Од одржаната 24.седница
на Советот на Општина Делчево

Седницата се одржа на 05.06.2023 година, во Мултифункционалниот центар, со почеток во 16:22 часот. На седницата присуствуваа 14 членови на Советот.

Отсутен беше Зекир Абдулов.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше претседателот на Советот на Општина Делчево, Гоце Попов, која за седницата го предложи следниот

Дневен ред

-Усвојување на Записник од 23. седница на Советот на Општина Делчево

1. Решение за запирање на објавување на пропис донесен од Советот на Општина Делчево бр.08-1194/4 од 18.05.2023 година;

2.Предлог-Одлука за доделување на стипендии на ученици прогласени за првенци на генерацијата во општинските училишта;

Образлагач: Ванчо Новоселски-Советник за образование.

3.Предлог-Одлука за спонзорство на Здружение на пензионери-Делчево;

4.Разгледување на Барање за решавање на просторно прашање на ЗРА „Пијанечки глас" бр.09-1198 од 19.05.2023 година;

5.Разгледување на Барање од Здружение на граѓани„ МАКЕДОН"-Делчево бр.09-1101/1 од 09.05.2023 година;

Претседателот отвори расправа по предложениот дневен ред.

За збор се јави Иван Гоцевски кој предложи дневниот ред за денешната седница, согласно член 20 став 2 од Деловникот и член 27 од Статутот на Општината , да се дополни со следните предлози:

1. Измени во Програмата за родова рамноправност на жените и мажите во Општина Делчево и работа на Комисијата за еднакви можности(КЕМ) за 2023 година;

2. Ослободување од плаќање на локални такси, давачки и даноци, како и бесплатен дневен претстој за дечињата и внучињата на припадниците на македонските бранители во детската градинка „Весели Цветови" во Делчево;

3. Формирање на Комисија која ќе ги разгледа последиците од штетите настанати од измрзнувањето на овошките на подрачјето на општина Делчево;

Претседателот на Советот рече дека не ја гледа итноста на овие точки и оправданоста истите да бидат ставени на дневен ред баш на денешната седница. Не може да се ставаат точки на дневен ред без никаков материјал доставен до советниците, без никаков изготвен акт.

Иван Гоцевски рече дека итноста за овие предлози ја гледа во тоа што во дневниот ред нема прашања и предлози како точка на дневен ред, а смета дека овие предлози се важни и дека треба да бидат ставени на дневен ред.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата по дневниот ред беше затворена, а дневниот ред беше ставен на гласање.

Со 14 гласа „ЗА" истиот беше усвоен.

Претседателот отвори расправа по Записникот од 23.седница.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а Записникот беше ставена на гласање.

Едногласно со 14 гласа „ЗА“ Записникот од 23.седница беше усвоен.

Прва точка-Решение за запирање на објавување на пропис донесен од Советот на Општина Делчево бр.08-1194/4 од 18.05.2023 година;

Образложение по оваа точка поднесе секретарот на Општина Делчево која рече дека на дневен ред денес е Решението за запирање на објавување на пропис донесен од Советот на Општина Делчево бр.08-1194/4 од 18.05.2023 година кое е донесено согласно член 51 став 1 од Законот за локална самоуправа. Имено на 23.седница на Советот, од страна на градоначалникот била предложена Одлука за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Делчево за 2023 година, согласно која се предлага измена на членот 9 тсав 1 алинеја 1. Измената се однесува на коефициентот за утврдување на плата на избраните и именуваните лица, објавена во „Сл.весник на РСМ“ 65/2023 година. Како што е познато на сите, Советот на Општина Делчево не ја донел оваа измена на одлуката и следствено на тоа била изготвена Одлука за недонесување на Одлука за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Делчево за 2023 година. Сметајќи дека оваа  со одлука е направена повреда на Уставот, Градоначалникот на Општина Делчево го донел Решението за објавување на пропис донесен од Советот на Општина Делчево бр.08-1194/4 од 18.05.2023. Имајќи го предвид сето напред наведено, Советот на Општина има обврска во рок од 15 дена од денот на  донесувањето на Решението,  да го разгледа решението и да одлучи по истото и затоа, од тие причини на денешната седница е предложено ова Решение, рече таа.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

За збор се јави Иван Гоцевски кој јавно праша дали првата точка е по барање на градоначалникот и ја праша секретарот на Општина Делчево, дали согласно член 53 од Законот за локална самоуправа, во овој случај градоначалникот има/нема конфликт на интереси?

Кирил Тренчевски побара пауза од 5 минути за дополнителни консултации.

По паузата претседателот на Советот рече дека го разгледал членот 53 од Законот за локална самоуправа, но бидејќи по професија не е правник, не може да даде коментар или одговор на прашањето на советникот Иван Гоцевски.

Секретарот на Општината Билјана Прачковска рече дека според неа нема конфликт на интереси и ситуацијата е чиста  и најдобро би било денес да се одлучи по ова решение. Во врска со оваа ситуација таа го резентираше и дописот/изветсувањето од Државниот инспекторат за локална самоуправа дека Одлуката за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Делчево за 2023 година, е во согласност со уставот и законите. За да нема сомнеж кај советниците, би било најдобро да се остави простор за дополнителни консултации и после 2-3 дена да се произнесе Советот во врска со Решението на градоначалникот коешто е на дневен ред.

Претседателот на Советот рече дека ќе побара мислење од Државната комисија за спречување на корупција и ја прекина 24. седница известувајќи ги членовите на Советот дека дополнително ќе бидат известени за одржување на продолежението на седницата.

Седницата заврши со работа во 16:50 часот.

Записникот го водела
Снежана Трајкова

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Гоце Попов

Совет на Општина Делчево
Број 09-1234/3
13.09.2023 година
Делчево

# ЗАПИСНИК
## Од одржаното продолжение на 24.седница
## на Советот на Општина Делчево

Продолжението на седницата се одржа на 13.09.2023 година, во Мултифункционалниот центар, со почеток во 09:25 часот.

На почетокот на седницата присуствуваа 14 членови на Советот, а при крајот на седницата присуствуваше и Тони Стаменковски.

На почетокот на продолжението на седницата, Претседателот на Советот истакна дека 24.седница била закажана и одржана на 05.06.2023 година, а била прекината по барање на член на Советот и секретарот на Општина Делчево, во врска со поднесување на барање и обезбедување Мислење за евентуален конфликт на интереси на градоначалникот на Општина Делчево. Тој истакна дека во меѓувреме тој како претседател на Советот поднел барање до ДКСК и добил Мислење кое го презентираше во целост. Имено, од страна на претседателот на Советот на Општина Делчево до ДКСК било доставено барање бр.09-3057/1 од 23.06.2023 година во кое се бара мислење дали постои судир на интереси во ситуацијата кога градоначалникот на општина Делчево донел речение за запирање од објавување на пропис од страна на Советот на Општина Делчево. Во мислењето ДКСК ги цитира одредбите од членовите 51 и 53 од Законот за локална самоуправа и одредбите од Законот за спречување на корупција, како и Записникот од вонредниот инспекциски надзор на Државниот инспекторат за локална самоуправа од 23.05.2023 година. На крајот од дописот е дадено и Мислењето на ДКСК во врска со Барањето за мислење на претседателот при што е констатирано дека не постои судир на интереси согласно член 2 став 3 од Законот за спречување на корупција и не постои судур на интереси ни повреда на член 53 став 2 од Законот за локална самоуправа, односно со донесувањето на Решението за запирање на објавување на пропис донесен од Советот на Општина Делчево бр.08-1194/4 од 18.05.2023 година, градоначалникот постапил по одредбите од Законот за локална самоуправа и одредбите од Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на РСМ и на другите избрани и именувани лица.

Претседателот отвори расправа по Решението за запирање на објавување на пропис донесен од Советот на Општина Делчево бр.08-1194/4 од 18.05.2023 година.

Процедурално реагираше Иван Гоцевски кој рече дека на оваа седница веќе вторпат се случува да нема присутен медиум да ги следи и снима седниците на Советот и праша зошто е така?

Претседателот на Советот рече дека не му се познати причините за отсуството на медиумот и рече дека негов личен став е оти седниците на Советот и дискусиите на советниците се многу подобри и поконструктивни кога нема присуство на медиуми, а што се однесува до процедуралната забелешка на Иван Гоцевски, таа е во ред и тој ја прифаќа. Рече дека ќе разговара и ќе види во што е проблемот.

Иван Гоцевски рече дека може да се покануваат и други медиуми не мора само „Делчево 365“, може и „Брегалнички“ и „Поглед“.

Процедурална забелешка имаше и Сашко Ивановски кој рече дека тоа дека седниците на советот се подобри, а дискусиите на советниците се поконструктивни, е субјективен став на претседателот.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена.

На гласање беше ставено Решението за запирање на објавување на пропис донесен од Советот на Општина Делчево бр.08-1194/4 од 18.05.2023 година. Претседателот ги информираше советниците дека тие можат да гласаат за потврдување или за непотврдување на решението, односно да донесат Одлука за потврдување или Одлука за непотврдување на решението.

Со 8 гласа „ЗА“ и 6 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево го потврди Решението за запирање на објавување на пропис донесен од Советот на Општина Делчево бр.08-1194/4 од

18.05.2023 година, односно донесе **Одлука за потврдување на Решението за запирање на објавување на пропис донесен од Советот на Општина Делчево бр.08-1194/4 од 18.05.2023 година.**

**Втора точка-Предлог-Одлука за доделување на стипендии на ученици прогласени за првенци на генерацијата во општинските училишта;**

Образлагач по оваа точка беше Ванчо Новоселски-Советник за образование.

**Трета точка-Предлог-Одлука за спонзорство на Здружение на пензионери-Делчево;**

Ова точка ја образложи претседателот на Советот кој истакна дека до Советот е доставено барање од Здружението на пензионери за финансиска поддршка и предложи сума од 30.000 денари кои ќе бидат наменети за трошоците кои се направени за организирањето на регионалните спортски игри кои се одржале во јуни 2023 година.

Претседателот отвори расправа.

За збор се јави Иван Гоцевски кој предложи оваа точка да се симне од дневен ред од причини што средствата на оваа ставка веќе се исцрпени.

Претседателот на Советот рече дека точката сега не може да се симне од дневен ред бидејќи истиот веќе е усвоен и е отворена расправа по точката, а регионалните спортски игри веќе се одржани и Здружението на паензионерите направило трошоци за организирањето на истите.

Сашко Ивановски рече дека оваа одлука не е во ред бидејќи Здружението на панзионери со оваа одлука се става во привилегирана ситуација во однос на другите здруженија од една страна, средства веќе нема на ставката, а од друга страна тие имаат средства бидејќи од членарина месечно им се слеваат околу 250.000 денари, или тие добиваат 4000 евра како приход секој месец. Од тие причини сметам дека Општината не треба да им доделува средства на Здружението на пензионери, рече С.Ивановски.

Зекир Абдулов рече дека негативната пракса за доделување на средства на здруженија на граѓани, невладини организации и спортски клубови и поединци, на нетранспарентен начин продолжува. Ланската година имаше истаб таква ситуација и јас и лани имав слична дискусија дека буџетски средства се доделуваат буквално само врз основа на барања без програма со предвидени активности, без извештај за направени трошоци и без извештај за потрошените средства кои се доделени од буџетот на Општината, што е тоатален хаос. Сметам дека тоа се прави со намера, односно смислено од страна на Општината или некои поединци од општината. Апсурдна ситуација е кога со ребаланс се предлага кратење на тие средства, наместо да се зголемуваат средствата за НВО-и и здруженија на граѓани, Општината ги крати. Зошто за НВО-и, ЗГ и СК да не се предвидат повеќе средства и да се доделуваат на јавен конкурс врз основа на комплетна документација и на издржани проекти, рече З.Абдулов кој потенцираше дека во иднина нема да поддржува вакви одлуки.

Претседателот на Советот рече дека со последниот ребаланс на ставката за ЗГ, НВО- и СК се доделени повеќе средства. Што се однесува конкретно за средствата што се доделуваат на Здружението на пензионери, тој рече дека тие веќе ги организирале Регионалните спортски игри и имаат направено трошоци и дека Советот нема право да бара извештај за нивните средства. Инаку вашите забелешки дека средствата треба да се доделуваат на траспарентен начин и тие да аплицираат како и дригите здруженија на граѓани, на јавен конкурс, се согласувам, рече тој.

Сашко Ивановски рече дека им стана навика секоја година за нешто да поднесуваат барања и тоа не е во ред бидејќи тие како здружение имаа доволно средства од нивни извори за нивните активност. Општината треба да доделува средства на здруженија кои немаат постојан прилив на средства, се трудат и работат и на анив им е важен секој денар, а немаат никаква или минимална финансиска помош од страна на Општината и Советот, рече тој.

Зекир Абдулов рече дека во конкретниов случај проблемот не е во нив како ЗГ, туку во процедурата, формата и постапката врз основа на која се одобруваат или не таквите средства. Нема пропишано јасни процедури како и на кој начин и врз основа на кои документи можа да се аплицира за такви средства, едноставно се зависи од желбата на поединци.

Кирил Тренчевски рече дека од дискусијата на советниците од ВМРО ДПМНЕ може да се заклучи дека многу се загрижени за касата на Општината, па и на Здружението на пензионери дури и имаат информација дека 4000 евра месечно собираат по основ на членарина. Можеби тие средства од чланарината се потрошени, па затоа бараат од Советот дополнителни средства, рече тој.

Контра реплика на К.Тренчевски имаше Иван Гоцевски кој рече да не се дискутира популистички за ситни политички поени. Проблемот е што поединци во Здружението на пензионерите ги трошат, односно злоупотребуваат средствата од чланарината.

Претседателот на Советот рече дека не е добро да се дискутира во тоја правец и дали може со доказ да се поткрепи дека поединци ги злоупотребуваат средствата.

Иван Гоцевски рече дека може да се поткрепи со докази, има докази.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“ и 7 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлука за спонзорство на Здружение на пензионери-Делчево.

**Четврта точка-Разгледување на Барање за решавање на просторно прашање на ЗРА „Пијанечки глас“ бр.09-1198 од 19.05.2023 година;**

И оваа точка ја образложи претседателот на Советот кој рече дека до Советот на Општината е доставено Барање за решавање на просторно прашање на ЗРА „Пијанечки глас“ бр.09-1198 од 19.05.2023 година. Во врска со Барањето е изготвен Заклучок кој беше презентиран на советниците. Имено, Советот на Општината го разгледа барањето и заклучи Општина Делчево да го разгледа Барањето на ЗРА „Пијанечки глас “број 09-1198/1 од 19.05.2023 и доколку располага со слободни сопствени простории кои можат да се користат како канцелариска просторија за состаноци, архива и техничка поддршка за здружението, да им се додели таква просторија.

Беше отворена расправа.

За збор се јави Иван Гоцевски кој рече дека тие како советничка група на ВМРО ДПМНЕ го поддржуваат ова барање и ги охрабруваат и друготе здруженија да поднесуваат барања за простории или финансиска помош. Тој го праша претседателот на Советот, дали е обезбедена канцеларија за членовите на Советот?

Претседателот на Советот рече дека салата каде што се одржуваат седниците на Советот, советниците може да ја користат за работа како членови на Советот. Сите советници кои сакаат да ја користат пваа сала треба претходно да го најават терминот бидејќи салата се користи за повеќе намени.

Бидејќи никој друг  не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево  донесе Заклучок во врска со Барањето за решавање на просторно прашање на ЗРА „Пијанечки глас“ бр.09-1198 од 19.05.2023 година.

**Петта точка-Разгледување на Барање од Здружение на граѓани„ МАКЕДОН“-Делчево бр.09-1101/1 од 09.05.2023 година;**

Во врска со оваа точка претседателот рече дека е доставено Барање од Здружение на граѓани„ МАКЕДОН“-Делчево бр.09-1101/1 од 09.05.2023 година за финансиска помош на ова здружение и истото беше прочитано. Во врска со истото барање е изготевн Заклучок и тоа: „Имајќи го предвид Барањето од ЗГ „МАКЕДОН“ во врска со иницијатива за  организирање на фестивал за родољубива и патриотска песна „Македонија“ доставено до Советот на Општина Делчево, како и Известувањето доставено до ЗГ „Македон“ од страна на градоначлникот на Општина Делчево бр.08-1100/2 од 29.05.2023 година, Советот на Општина Делчево заклучи:

- да се одржи заедничка средба со градоначалникот на Општина Делчево, ЗГ „Македон“ и претседателот на Советот на кој ќе се разгледа и разработи идејата за организирање на фестивалот и ќе се дефинираат условите и начинот за покровителство или учество  на Општина Делчево и Советот на Општината во организацијата на истиот“.

Беше отворена расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а Заклучокот ставен на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“ истиот беше донесен.

Седницата заврши во 10.05.

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

Записникот го водела<br>Снежана Трајкова

Претседател,<br>Гоце Попов